Врз основа на член 60, став 1, алинеја 13 од Статутот на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 466/2019) и член 5 и член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Наставно-научниот совет на Факултетот, на 18. редовна седница одржана на 4.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Технолошко-металуршки факултет – Скопје**

1. Со оваа одлука се прецизираат износите од член 5 и се утврдуваат дополнителните надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,Технолошко-металуршки акултет – Скопје од член 8 во Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

2.

| БР. | УСЛУГА | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1. | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите (член 5, точка 4 од Анексот) | 200,00 ден. |
| 2. | Издавање потврди за статус на студент (член 5, точка 14 од Анексот) | 100,00 ден. |
| 3. | Издавање потврди по разни основи (член 5, точка 15 од Анексот) | 300,00 ден. |
| 4. | Материјални ресурси за реализација на студиските програми од прв циклус студии (по семестар) | 2.500,00 ден. |
| 5. | За полагање на предмети во дополнителен термин за студентите на прв циклус студии (по предмет) | 1.000,00 ден. |

3. На студентите запишани на прв и втор циклус студии на Факултетот им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и согласно со оваа Одлука.
4. Надоместоците од точка 1 на оваа Одлука, за зимскиот и летниот семестар во учебната 2024/2025 година, ќе се наплатат при запишување на летниот семестар во учебната 2024/2025 година.
5. Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје бр. 05-811/3 од 27.3.2013 година.
6. Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Универзитетски гласник и ќе започне да се применува од учебната 2024/2025 година.

**Д е к а н**
**Д-р Стефан Кувенџиев, вонр. проф.**